РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 0901-212/17
18.02.2013
ШТИП

Врз основа на член 57 од Законот за високото образование („Сл. Весник на Р. Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12 и 15/13) и член 217 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 9/2009), Ректорската управа на 82-та седница, одржана на ден 18.02.2013 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ

### Член 1

Се усвојува Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ.

### Член 2

На првите 10 (десет) лица рангирани на листата (вклучувајќи го и реден број 11, бидејќи има ист број на бодови како и реден број 10), да им се исплати парична награда во нето износ во висина од една просечна плата во месец јануари во Р. Македонија.

### Член 3

На првите 20 (дваесет) лица рангирани на листата (вклучувајќи го и реден број 21, бидејќи има ист број на бодови како и реден број 20), им се дава право на користење на парични средства во висина од 50.000,00 денари, кои ќе послужат за покривање на трошоците за учество на семинари, конгреси, набавка на опрема, литература и сл. за потребите на научно – истражувачката работа.

### Член 4

Составен дел на оваа одлука е Листата од член 1 на оваа одлука.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Ректор,
Проф. д-р Саша Митрев

**Изработил:** референт во секретаријатот
Кристина Ѓорѓиевска

**Одобрил:** Генерален секретар
м-р Ристо Костуранов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 0901-267/8
11 03 2013 год.

Врз основа на член 52 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13) и член 217 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 9/2009), Ректорската управа на 85-та седница одржана на ден 11.03.2013 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за усвојување на изменета и дополнета Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ

### Член 1

Се усвојува изменета и дополнета Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ.

### Член 2

На првите 10 (десет) лица рангирани на листата, да им се исплати парична награда во нето износ во висина од една просечна плата во месец јануари во Р. Македонија.

### Член 3

На првите 20 (дваесет) лица рангирани на листата (вклучувајќи го и реден број 21, бидејќи има ист број на бодови како и реден број 20), им се дава право на користење на парични средства во висина од 50.000,00 денари, кои ќе послужат за покривање на трошоците за учество на семинари, конгреси, набавка на опрема, литература и сл. за потребите на научно – истражувачката работа.

### Член 4

Составен дел на оваа одлука е изменетата и дополнета Листа од член 1 на оваа одлука, а Листата усвоена со одлука од Универзитетскиот сенат бр.0701-213/11 од 18.02.2013 година, се става вон сила.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Ректор,
Проф. д-р Саша Митрев

**Изработил:** референт во секретаријатот
Кристина Ѓорѓиевска
**Одобрил:** Генерален секретар
м-р Ристо Костуранов